**STIROTER** –Лепило за стиропор на база на цемент и адитиви

**Примена:**Производот се употребува за лепење на стиропорни табли и армирани мрежи.Исто така се употребува за поправка на груби површини малтерисани со основен малтер.

**Основни карактеристики:**Материјалот е во форма на сив прав.Паропропусен е и дозволува премин на пареа што овозможува ‘‘дишење‘‘ на третираната површина.Производот може да се нанесува на бетонска подлога, подлога од цементен или варов-цементен малтер или гипс картонски табли.Прави одлична врска со подлогата.Не ја загадува животната средина и е со висока ‘‘А1‘‘ класа на реакција на пожар.Има едноставна подготовка и апликација.

**Подготовка на подлога:** Подлогата за нанесување на STIROTER треба да биде чиста , без прашина или мастни материи и ослободена од слабо врзани парчиња малтер или лушпи.Може да се нанесува на сува или влажна подлога.Пред да се нанесе површината треба да се третира со примарен слој од SILOTER подлога, кој е течен производ.Течноста SILOTER треба да се раствори со вода во однос 1:8 волуменски делови и истата се аплицира со четка или со соодветен ваљак.

**Подготовка:**STIROTERсе подготвува со додавање од 6-6.5 литри вода на една пакување од 25 кг. материјал.Вака подготвената смеса се меша 5 мин. се до потполно хомогенизирање . STIROTER се нанесува во слој од 5 до 10 мм.,со назабена глетарка.Идеална температура за работа е од 5 до 35 °C.Третираната површина треба да се заштити од дожд,брзо сушење и директна изложеност на сонце, најмалку 3 до 5 часа од времето на нанесување.

**Потрошувачка:**За нанесување на STIROTER во слој со дебелина од 10 мм потребно е 5кг/м$^2$ сува материја.

**Облик на испорака:**Производот е спакуван во вентил вреќи од 25 кг. , еко палета од 50 вреќи.

**Складирање:**Производот треба да се чува на суво место, во оргинално пакување.

**Рок на траење:**12 месеци од датумот на производство, кој е означен на пакувањето.

**Мерки на претпазливост:**Треба да се избегнува контакт на производот со кожата.Препорачана е употреба на ракавици.Ако дојде во допир со некој дел од кожата,треба да се измие со вода и сапун.Во случај на допир со очите треба да се измие со вода.При иритација да се побара медицинска помош .

**Чистење и фрлање:**Остатоците од STIROTER кои се свежи лесно се чистат си вода.По стврднување треба да се отстранат механички.Употребените празни вреќи треба да се исфрлат во согласност со локалните прописи за фрлање на ваков вид на отпад.

**Технички карактеристики:**

-Производот е усогласен според ETAG 004

-Определување на атхезиона јакост на затегање на лепила за стиропор на супстрат од бетонска подлога

При стандардни услови ≥0,25N/$mm^2$

Потопување во вода 48 часа и сушење 2 часа на 23±2°C и 50±5% RH ≥0,08N/$mm^2$

Потопување во вода 48 часа и сушење 7 дена на 23±2°C и 50±5% RH≥0,25N/$mm^2$

- Определување на атхезиона јакост на затегање на лепила за стиропор на супстрат од стиропор

При стандардни услови ≥0,08N/$mm^2$

Потопување во вода 48 часа и сушење 2 часа на 23±2°C и 50±5% RH ≥0,03N/$mm^2$

Потопување во вода 48 часа и сушење 7 дена на 23±2°C и 50±5% RH ≥0,08N/$mm^2$

-Определување на атхезиона јакост на затегање на лепила за стиропор на супстрат од стиропор после стареење

Потопување во вода 7 дена и сушење 7 дена на 23±2°C и 50±5% RH ≥0,08N/$mm^2$

-Гранулометрија - 0-0.8 мм.